# Дополнети квоти за аптеки за месец мај и јуни 2010

ФЗОМ сака да ја информира јавноста дека во 12 градови во Републиката е извршено зајакнување на квотите за аптеки, од неискористените средства од првиот квартал на 2010 година.

**Новите прераспределни квоти се објавени на веб сајтот на Фондот www.fzo.org.mk. За користење на новите дополнети квоти за месец мај и јуни 2010 година не е потребна никаква административна постапка.**

Уште еднаш да напоменеме дека новиот Правилник за утврдување на квотите по аптеки се изготуваше 3 месеци во постојана соработка со Фармацевтската комора на Македонија, при што сите барања од комората беа инкорпорирани во Правилникот.